...towards common values!

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОЕКТОТ „СИМУЛТАНО ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ГРАЃАНСКИОТ УДЕЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОКВАЛИТЕТНА КООПЕРАТИВНОСТ“

**НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ:**

Сојуз на дефектолози на Република Македонија

ДХЗ Даре Џамбаз, ул.11 Октомври 42А

1000 Скопје

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2011 ГОДИНА**

**ВКУПЕН БУЏЕТ:** 1.763.959,00 денари

## I- Реализирани активности

Проектните активности беа реализирани во три фокуси на делување: фаза на теренски подготовки, фаза на настани од јавен карактер и фаза на непосредни општински средби.
Фазата на теренски подготовки беше поделена на две подфази односно подготовка на теренски активности и реализација на теренските активности.
Подготовката на теренските активности за општините од североисточниот дел на Р.М започнаа во втората половина на месец Јануари, а за општините од северозападниот дел во втората половина на месец Април. Подготовките на теренските активности траеа по еден проектен месец а се реализираа преку следниве активности:

- Подготовка на писмени известувања до општините, институциите (основни училишта, предучилишни установи, дневни центри за згрижување на лицата со инвалидност) и локалните граѓански здруженија;
- Достава на писмени известувања до градоначалниците на општините вклучени во проектот;
- Контакт со делегирани општински претставници;
- Запознавање на општинскиот претставник со проектните активности.

Преку подготвените писма, градоначалниците на општините беа информирани за целите и задачите на проектот, за предвидените активности како и за поддршката која се очекува од страна на општината. Овие известувања беа доставени до градоначалниците на вкупно 10 општини:

- Општина Крива Паланка
- Општина Ранковце
- Општина Свети Николе
- Општина Пробиштип
- Општина Кратово
- Општина Дебар
- Општина Маврово – Ростуше
- Општина Струга
- Општина Охрид
- Општина Кичево

Како резултат од известувањата, беа доставени контакт информации за општински претставници кои ќе бидат во континуирана комуникација со проектниот тим.

Во овој период беа подготвени и известувања за институциите (основни училишта, предучилишни установи, дневни центри за згрижување на лицата со инвалидност) и локалните граѓански здруженија. Преку информациите од известувањата лицата од управните тела во институциите и организациите беа информирани за проектните активности и поддршката која се очекува од нив. Поддршката од институциите и организациите на локално ниво беше во насока на изнаоѓање начини и механизми за идентификација на лицата со посебни потреби нивните родители или застапници и вклучување на истите во проектните активности. Овие известувања беа доставени до институциите од страна на теренсиките извршители – дефектолози при реализацијата на првичните средби со претставниците од институциите.
Во оваа фаза на подготвителни теренски активности беа подготвени и договорени ангажманите со надворешните соработници (соработник за реализација на јавен настан – работилница за родители и застапници на лица со пречки во развојот, соработник за реализација на јавен настан – обука за родители и застапници на лица со пречки во развојот, соработник за реализација на јавен настан – обука за општинска администрација).
Со оваа активност заврши подготовките за теренските активности и започна делот на реализација на активностите. Теренските активности се реализираа со програма и временска динамика од шест недели, со исклучок на општина Маврово – Ростуше каде програмата и временската динамика се реализираше во период од три недели.
Фазата на реализација на теренските активности во општините од североисточниот дел на Р.М започна во втората половина на месец Февруари по следниов редослед:

- 21.02.2011 година, теренските активности започнаа во општина Кратово;
- 28.02.2011 година, теренските активности започнаа во општина Крива Паланка;
- 28.03.2011 година, теренските активности започнаа во општина Пробиштип;
- 04.04.2011 година , теренските активности започнаа во општина Ранковце.

Фазата на реализација на теренските активности во општините од југозападниот дел на Р.М започна во првата половина на месец Септември по следниов редослед:

- 04.09.2011 година, теренските активности започнаа во општина Маврово - Ростуше;
- 05.09.2011 година, теренските активности започнаа во општина Дебар;
- ??.2011 година, теренските активности започнаа во општина Свети Николе;
- 13.09.2011 година, теренските активности започнаа во општина Струга;
- 19.09.2011 година, теренските активности започнаа во општина Охрид;
- 04.10.2011 година, теренските активности започнаа во општина Кичево.

Теренските извршители првично стапуваа во комуникација со општинските претставници од кои добиваа информации за општинските институции и општинските здруженија на граѓани.

Преку континуирана комуникација со теренските извршители и општинските претставници беа добиени следниве информации:

- Во општините Ранковци и Кратово немаат општински работник кој е задолжен за активности од сферата на социјална заштита. Во овие општини активностите се планираат преку Центрите за социјални работи, кои се под надлежност на Министерството за социјални работи. Во општините Дебар, Охрид, Крива Паланка, Свети Николе, Кичево и Струга за активностите од социјална заштита се задолжуваат општинските службеници вработени во одделенијата за јавни дејности. Во овие општини практиката покажува дека лицето задолжено за образованието, извршува активности и од социјалната заштита. Во општините Маврово – Ростуше и општина Пробиштип постојат позиции за работници задолжени во областа на социјална заштита.

- Програмите за образование се изработуваат од страна на училиштата, предучилишните установи а програмите за социјална заштита се изработуваат од страна на Центрите за социјална заштита. Анализите на општинските програми во општините вклучени во проектните активности, покажаа дека отсуствува системското планирање на потребите на лицата со инвалидност и децата со посебни образовни потреби, а во редовниот систем на планирање потребите на оваа група на граѓани ретко се вклучува. Најчесто, потребите на оваа група граѓани се решаваат преку реализација на проектни активности каде рангирањето на приоритетите најчесто се извршува од страна на една засегната страна. Исклучок од оваа практика е општина Охрид, каде постои локален акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во општина Охрид (2010 – 2013). Овој план е изработен од работна група која вклучува претставници од општината, Центарот за социјална работа,

Центарот за вработување и претставници од невладиниот сектор. Според добиените информации предвидените активности се вклучуваат во општинската програма меѓутоа за приоритетите се одлучува согласно општинскиот буџет, а не согласно потребите на оваа група граѓани.

По извршената анализа на општинските програми, од страна на теренските извршители како активност беше спроведено програмско адаптирање на предвидените активности за 2011 година. Во општинската програма на општина Пробиштип за 2011 година е планирана изградба на детски игралишта и реконструкција на дел од училишните згради.

Во однос на ова до општинското лице беше упатен предлог во насока на планирање на изградбата на детските игралишта и адаптацијата на учлиниците не само за лицата со телесен хендикеп туку истите да бидат достапни и за лицата со оштетен слух и оштетен вид. Исто така при реконструкцијата на училишните згради да се обезбеди физичка пристапност, односно пристапни рампи во училишните објекти.

Во општина Крива Паланка се предвидени активности во социјалната сфера. Центарот за социјални работи во соработка со општината планираат изработка на социјални карти на секое лице со посебни потреби регистрирано во Центарот за социјални работи. Од страна на теренскиот извршител беше упатен предлог во склоп на овие активности да се превземат дополнителни активности преку кои ќе се направи и база на податоци за учениците и децата од предучилишните установи кои манифестираат заостанување во совладување на редовната наставна програма.

Во општина Маврово – Ростуше постои петгодишна програма за образовни политики каде е планирана реконструкција на училишните згради и унапредување на работата на наставниот кадар. Како препорака во однос на ова планирање беше при реконструкција на училишните згради да се земе предвид пристапноста на училиштата за лицата со телесна инвалидност, а при унапредување на работата на наставниот кадар да се земе предвид работата со учениците кои манифестираат потешкотии во совладување на редовната програма.

По спроведената анализа на програмите, теренските извршители започнаа со откривање и комуникација со општинските здруженија и институции со цел да стапат во комуникација со родителите на лицата со посебни потреби, со застапниците на лицата со посебни потреби и со самите лица со посебни потреби.

За таа цел беа посетени основните училишта, подрачни единици на основните училишта, предучилишни установи и нивни клонови, општински здруженија, дневни центри, центри за социјални работи.

Бројот на посетени институции по оштините е даден во табела 1.

| ОПШТИНА | УЧИЛИШТА | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | ЗДРУЖЕНИЈА НА ЛИЦА СО ПП | ДНЕВНИ ЦЕНТРИ |
|---|---|---|---|---|
| **Кратово** | 11 | 1 | 1 | / |
| **Крива Паланка** | 14 | 3 | 3 | 1 |
| **Пробиштип** | 4 | 3 | 1 | 1 |
| **Ранковце** | 6 | / | / | 1 |
| **Свети Николе** | 3 | 3 | 1 | 1 |
| **Охрид** | 8 | 5 | 4 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Струга** | 11 | 3 | 2 | 1 |
| **Кичево** | 2 | 2 | 3 | 1 |
| **Дебар** | 4 | 2 | 1 | 1 |
| **Маврово - Ростуше** | 4 | / | / | / |
| **ВКУПНО** | **67** | **22** | **13** | **8** |

**Табела 1**. Број на посетени институции во општините

Согласно табела број 1, беа посетени вкупно 67 основни училишта, 22 детски градинки, 13 Здуженија на лица со инвалидност и родители на деца со посебни образовни потреби, 8 дневни центри.
Здружението на телесно инвалидни лица кое функционира во општина Ранковце е дел од меѓуопштинското здружение за лица со телесен хендикеп, а Центарот за социјални работи е подрачна единица на Меѓуопштинскиот Центар за социјални работи во Крива Паланка.
Активностите на идентификација на застапниците на лицата со инвалидност и родителите н адецата со посебни образовни потреби за општините вклучени во првиот проектен циклус траеја во тековните месеци **Февруари, Март и дел од месец Април**.
Активностите на идентификација на застапниците на лицата со инвалидност и родителите н адецата со посебни образовни потреби за општините вклучени во вториот проектен циклус траеја во тековните месеци **Септември, Октомври и првата половина на Ноември.**
Фазата на теренски подготовки претставуваше основа за реализација на фазата на настани од јавен карактер.
Периодот во кој се реализираа активности за откривање и комуникација со корисниците на проектот истовремено беше искористен за теренски подготовки на јавните настани. Беа подготвени покани за информирање на учесниците за јавниот настан – работилница за родители и застапници на лица со посебни потреби, покани за информирање на учесниците за јавен настан – обука за родители и застапници на лица со посебни потреби и покани за информирање на учесниците за јавен настан – обука за општинска администрација.
Беа подготвени и реализирани вкупно 26 јавни настани. 9 јавни настани – работилници за родители и застапници на лица со ПП, 9 јавни настани – обуки за родители и застапници на лица со ПП и 8 јавни настани – обуки за општинската администрација. За начинот на реализација и спецификите на општините изработени се вкупно 26 извештаи, од страна на стручните соработници кои беа задолжени за реализација на настаните.
Првите јавни настани - работилница за родители и застапници на лица со посебни потреби на тема***"Права на лицата со посебни потреби и можности за нивно остварување на локално ниво"*** се реализираа по следниов редослед:

- 05.04.2011 година во општина Кратово;
- 15.04.2011 година во општина Крива Паланка;
- 07.05.2011 година во општина Пробиштип;
- 27.05.2011 година во општина Ранковце;
- 27.10.2011 година во општина Дебар;
- 27.10 2011 година во општина Струга;
- 31.10.2011 година во општина Свети Николе;
- 10.11.2011 година во општина Кичево;
- 10.11.2011 година во општина Охрид.

Целта на оваа работилница беше учесниците да се запознаат со своите права кои им следуваат согласно законската регулатива во Р.Македонија. Во рамки на теоретскиот дел на учесниците им беа презентирани првата од вкупно 8 области од интерес. Беа презентирани правата и обврските од образование, здравство, заштита на децата, просторно планирање, пристап до информации од јавен карактер, сервисни служби подигнување на јавната свест. Во вториот дел од работилницата, корисниците беа интерактивно вклучени во работата. Учесниците пополнуваа чек листа која овозможува пристап до информации за пристапноста на услугите и институциите поврзани со вработување, живеење, рекреација и едукација во нивната средина. Во општина Ранковце поради несоодветното образование на учесниците, чек листите не беа пополнувани од нивна страна туку беше иницииран разгоор преку кој се

изнесуваа ставовите  и мислењата на учесниците. Заклучокот од работилниците беше дека родителите и застапниците на лицата со посебни потреби се запознаени само со основните права од социјалната заштита. Исклучок од ова беа општините Крива Паланка, Пробиштип, Охрид и Кичево кои остваруваат права од образованието, односно децата со посебни потреби посетуваат настава и во склоп на  редовните паралелки. Правата кои следуваат од Законот за вработување, Законот за здравство, Достапност до јавни информации и слично беа сосема нови информации за учесниците.  Вторите јавни настани – обука за родители и застапници на лицата со посебни потреби на тема ***"Организирано дејствување за поквалитетен процес на застапување и лобирање"***   се реализираа по следниов редослед:

- 12.04.2011 година  во општина Кратово;
- 19.04.2011 година во општина Крива Паланка;
- 14.05.2011 година во општина Пробиштип;
- 17.05.2011 година во општина Ранковце;
- 02.11.2011 година во општина Свети Николе;
- 08.11.2011 година во општина Струга;
- 08.11.2011 година во општина Дебар;
- 14.11.2011 година во општина Кичево;
- 14.11.2011 година во општина Охрид.

Целта на оваа обука беше да се изградат капацитетите, знаењата и вештините потребни за ефикасно застапување и решавање на проблемите со кои се соочуваат луѓето.За таа цел на учесниците им беа презентирани информации за јавното застапување како процес, бенефитите од заедничкото делување за јавно застапување,  начините и техниките за успешно јавно застапување, теми/проблеми за јавно застапување, стратегиите за комуникација и анализа на целната група и начинот на изработка на детален план. Беа идентификувани по три приоритетни теми а потоа преку нив беа разработени стратегиите за комуникација и анализа на целната група. Преку примери од приоритетните теми беа идентификувани засегнатите страни, техниките на убедување, начините за промена на ставот на некоја личност, придобивките за спротивната страна, начини на комуникација со надлежните органи. Заклучокот од сите обуки беше скоро идентичен, односно дека доколку сакаат да си ги остварат своите права мораат да делуваат заеднички и формално.
Како резултат на реализација на овој јавен настан беа формирани координативни тела кои имаа задача да  организираат повторна средба помеѓу учесниците, и да започнат да делуваат како неформална група со тенденција во иднина да се формализираат .
Третите јавни настани – обука за општинска администрација на тема ***"Менаџирање со попреченоста на локално ниво"*** беа реализирани по следниов редослед :

- 11.05.2011 година во општина Кратово;
- 12.05.2011 година во општина Крива Паланка;
- 16.06.2011 година во општина Пробиштип;
- 06.12.2011 година во општина Свети Николе;
- 13.12.2011 година во општина Дебар;
- 14.12.2011 година во општина Струга;
- 15.12.2011 година во општина Охрид;
- 16.12.2011 година во општина Кичево.

Информации за овие јавни настани беа проследени до околните општини со цел околните општини да бидат дел од настанот со свои претставници кои имаат задолженија во делот на образованието и социјалната заштита.
На јавниот настан во општина Пробиштип присуствуваа двајца претставници од општина Штип. Еден претставник од сферата на образованието и еден претставник од сферата на социјалната заштита.
Во рамки на обуката реализирана во општина Крива Паланка беа вклучени тројца претставници од општина Ранковце. Двајца претставници од сферата на образованието и еден претставник од сферата на социјалната заштита.
Во рамки на обуката реализирана во општина Дебар се вклучија двајца претставници од општина Маврово – Ростуше. Еден претставник од сферата на образованието и еден претставник од сферата на социјалната заштита.

Целта на оваа обука беше стекнување на предзнаења за потребите и можностите на лицата со посебни потреби, со цел нивно задоволување во процесот на планирање и реализација на активности во општинските програми. За време на предавањата се развиваше дискусија за моменталната состојба во општините во однос на пристапноста при што беа изнесени

заклучоци. Во склоп на оваа обука присутните учесници пополнуваа чек листа која беше понудена како алатка за почеток на системско планирање во однос на обезбедување на пристапност на општинските услуги и институции.

На јавните настани учествуваа вкупно 396 учесници а во табела бр. 2 е претставен бројот на учесници по сите основи

| Р.Б | ОПШТИНА | Прв јавен настан - работилница | Втор јавен настан - обука | Обука за општинска администрација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кратово | 13 | 14 | 14 | 41 |
| 2. | Крива Паланка | 23 | 25 | 18 | 66 |
| 3. | Пробиштип | 13 | 13 | 11 | 37 |
| 4. | Ранковце | 12 | 13 | / | 25 |
| 5. | Свети Николе | 15 | 15 | 10 | 40 |
| 6. | Охрид | 18 | 15 | 11 | 44 |
| 7. | Струга | 19 | 15 | 25 | 59 |
| 8. | Кичево | 14 | 12 | 10 | 36 |
| 9. | Дебар | 20 | 16 | 12 | 48 |
| | **ВКУПНО** | **147** | **138** | **111** | **396** |

**Табела бр.2** Број на учесници на јавни настани

По завршување на фазата на јавни настани започна реализација на фазата на одржување на дирекни средби со општинската администрација во присуство на родители, застапници на лица со инвалидност и граѓански здруженија. родителите на лицата со инвалидност. Директните средби беа одржани по следниов редослед.

- 17.11.2011 година средба во општина Маврово - Ростуше;
- 17.11.2011 година средба во општина Дебар;
- 18.11.2011 година средба во општина Охрид;
- 18.11.2011 година средба во општина Струга;
- 06.12.2011 година средба во општина Свети Николе;
- 07.12.2011 година средба во општина Крива Паланка;
- 07.12.2011 година средба во општина Ранковце;
- 09.12.2011 година средба во општина Кратово;
- 09.12.2011 година средба во општина Пробиштип;
- 16.12.2011 година средба во општина Кичево.

Подготвени се 10 извештаи за текот и заклучоците од овие средби.
На оваа средба беа поканети да присуствуваат членовите на координативното тело на неформалната група кои беа формирани во склоп на вториот јавен настан за родители; општинскиот претставник кој беше во континуирана комуникација со проектниот тим ; општински претставник задолжен во сферата на образованието; општински претставник задолжен во сферата на урбанистичкото планирање; теренските извршители; раководителот на проектот и административниот ассистенат на проектот.

Присуствуваа вкупно 24 општински претставници и 30 застапници на лицата со инвалидност и децата со посебни образовни потреби.

Примарната цел на овие средби беше да се согледа можноста за инкорпорирање на дел од барањата на неформалната група на родители и застапници на лица со инвалидност во општинската програма за 2012 година, меѓутоа преку оваа средба членовите на координативното тело на неформалната група имаа можност и за практична примена на стекнатите знаења и вештини за ефикасно застапување.

Во насока на поуспешна средба беа изготвени 10 финални документи, во функција на предлог за годишните програми од областа на хендикепот. за секоја од општините вклучени во проектот. Финалниот документ содржи информации за проектот, тек на проектните активности на ниво на општината, анализа на состојбата во однос на пристапноста на услугите и институциите во општината, листа на приоритетни барања на неформалната група и препораки од проектниот тим во однос на унапредување на на генералниот пристап до локалните места во заедницата, транспортот, домувањето, вработувањето, рекреацијата и образованието за лицата со посебни потреби и информации за организацијата.Во текот на месец Октомври беше подготвен прирачник наменет за општинската администрација со наслов: **Како до инклузивна општина.**Во овој период содржината на прирачникот беше преведена на албански јазик. Во текот на месец Декември прирачникот беше испечатен во тираж од 200 примероци. Во текот на месец Јануари прирачникот беше дистрибуиран до проектните општини во Р.Македонија.

## II. Мониторинг и евалуација

- **Опис на позначајните постигнувања.**

Во сите десет општини се реализираа програмски зацртаните цели со што успешно се поттикна спремноста кај општинските власти за приспособување на општинските услуги и институции за потребите на лицата со инвалидитет, што впрочем е цел на проектниот период кој следува. Во сите десет општини е подготвен и доставен до општината предлог документ – годишна предлог програма од областа на хендикепот, карактеристична за секоја општина и нејзините потреби, одделно.
Во сите десет општини кај родителите и застапниците на лицата со посебни потреби активирани се форми (невладини организации) кои во пресрет на идните годишни програми, започнаа заедничко официјално, остварување на правата кои им следуваат. Претходно наведеното е всушност остварување на дел од проектната цел.
Во општина Кратово на 28.02. 2011 година, под влијание на проектната реализација од страна на Советот на општина Кратово беше усвоен годишен план изработен од страна на општината и Центарот за социјални работи, каде се планира отворање на дневен центар за згрижување на лицата со посебни потреби а исто така се планира одвојување на финансии од општинскиот буџет за поддршка на активностите за лицата со посебни потреби. Овие активности беа вклучени по препорака од теренскиот извршител – дефектолог вклучен во проектните активности во општина Кратово.
Реактивирање на Здружение на родители на деца со церебрална парализа на ниво на општина Кратово. Имено поголем дел од родителите и застапниците на лицата со посебни потреби за прв пат на јавниот настан – работилница дознаа дека тоа здружение постои меѓутоа подолго време е неактивно. Преку проектните активности учесниците се договорија Здружението повторно да се активира и да се изврши пререгистрација согласно новиот Закон за Здруженија и фондации, и идните активности да започнат да се реализираат преку истото. Учесниците за почеток договорија еден ден во месецот да се собираат и да одлучат за понатамошните активности. За нивните средби, преку посредство на Сојузот, општината им излезе во пресрет со тоа што ќе им ја ослободува салата за нивните сотаноци.
Општина Крива Паланка ја поддржа потребата од вклучување стручен соработник – дефектолог во некоја од општествените институции. Исто така беше иницирано вклучување волонтерски групи при транспорт на лицата со инвалидност кои го посетуваат дневниот центар. Од страна на претставниците на Дневниот центар за згрижување на лица со посебни потреби, беше истакнато дека база за формирање на волонтерските групи би било средното училиште

на ниво на општината. Поради тоа како следна активност претставниците од дневниот центар присутни на еден од јавните настани ја истакнаа потребата од средба со претставниците на средното училиште.
Во општина Пробиштип се формираше работна група од родители и застапници на лицата со ПП која ќе се залага за реактивирање на граѓанското здружение на инвалидни лица "Милосрдно срце".
Во општина Свети Николе беше иницирано формализирање на групата учесници кои учествуваа во склоп на јавните настани. Финансиска поддршка за регистрација на здружението е обезбедена од страна на општината а регистрацијата на здружението е во тек.
Во општина Кичево, здружението на родители на деца со посебни образовни потреби ги зајакна своите капацитети во однос на членството и во однос на процесот на застапување и лобирање за своите права пред општинските власти.
Во општина Кичево, по одржување на вториот јавен настан-обука за родителите за организирано застапување и лобирање, родителите членови на Здружението на родители на деца со посебни потреби започна преку научените техники за разрешување на дел од приоритетните проблеми.

## III. Менаџирање на проектот и придобивки од него

Во текот на проектот, од проектните долгорочни резултати директно се засегнати доминантно четири инволвирани групи и тоа:
Целна група – општинска администрација (административци одговорни во сферата на образованието и социјалната заштита), претставници на лица со ПП, како родители на деца со ПП така и организирани граѓански здруженија чиј интерес се лицата со ПП.
Директни корисници – општината – единица за образование и социјална заштита.

Индиректни корисници-лицата со посебни потреби.

Комуникацијата со општинските претставници, стручниот тим во училиштата и предучилишните установи, претставниците од дневните центри и Центрите за социјални работи, претставниците од граѓанските здруженија и родителите се изведуваше од страна на дефектолозите кои работеа на терен. Интеракцијата беше секојдневна (соодветна на планот за активности во даден период и бројот на средби кои дефектологот требаше да ги реализира). Општинските претставници добиваа совети и информации за успешно менаџирање со попреченоста на локално ниво. Родителите и застапниците на лицата со пречки во развојот добија информации за правата кои им следуваат согласно законската регулатива и информации за организирано дејствување и лобирање на локално ниво. Општините вклучени во активностите добија поголем степен на комуникација помеѓу општинската администрација и застапниците на лицата со посебни потреби. Координацијата на активностите се реализираше на повеќе нивоа:

Координатори помеѓу теренските извршители и општинските институции и здруженија беа општинските претставници. Координатори помеѓу тернските извршители и родителите и лицата со посебни потреби беа претставници од општинските институции и општинските здруженија.
Координатори помеѓу општинските претставници и родителите/застапниците на лицата со посебни потреби беа теренските извршители.

## IV. Одржливост на проектот

Во рамките на проектот пружената помош на општинските структури задолжени за образование и социјална заштита ќе обезбеди повисок степен на комуникација со граѓанските организации, повисока свест за потреба од овој тип на јавен сервис на локално ниво и измена на постоечките законски прописи (правилници за работа и систематизација на работни места), за отворање на можност за вклучување на дефектолози во општинските институции.

Родителите, застапниците на лицата со ПП како и претставници од веќе постоечките граѓански организации се обучени и оспособени за организирано делување и лобирање за своите интереси и права. Од друга страна тие ќе можат да ги остварат своите права и привелегии кои се регулирани со закон, а за чие остварување е надлежна локалната самоуправа.
Овие активности помеѓу општините и формалните и неформалните граѓански групи ќе допринесат за подобрување на животниот стандард на лицата со посебни потреби на локално ниво.

Преку реализација на проектните активности беше оставрена соработка со следниве организации:

- Здружение на граѓани Центар за одржлив регионален развој – Кратово. Планирањето на потребите на лицата со посебни потреби во сите идни активности беше ефектот од остварената соработка.
- Здружение на лица со телесен инвалидитет "Хендикеп+" општина Крива Паланка. Обезбедување на просторија за понатамошни средби на групата на родители и застапници на лицата со посебни потреби за понатамошните средби беше ефектот од остварената средба. Исто така од страна на претставници од оваа организација беа споделени позитивните искуства со неформалната група на родители, од спроведените активности.
- Општина Штип. Во рамки на обуката за општинската администрација присуствуваа претставници од областа на социјалната заштита и образованието од општина Штип. Тие во рамки на обуката пополнија чек листи според кои е изготвен краток извештај кој претпоставуваме дека ќе покрене иницијатива за понатамошна соработка помеѓеу општината и Сојузот на дефектолози на Р.М.
- О.У Христијан Тодоровски Каропош – општина Ранковце. Стручните соработници и дел од наставниот кадар кои присуствуваа на еден од јавните настани отворено покажаа интерес за соработка со Сојуз на дефектолози. Иницијатива за оваа соработка се покрена по советодавната поддршка од страна на проектниот тим за изградба на лифт во училиштето.
- Невладина организација "Пробатон" – Свети Николе. Вклучување на лицата со инвалидност во понатамошните активности.
- Здружение на родители на деца со посебни потреби "Надеж" – општина Кичево. Иницијатива за понатамошна соработка со Сојуз на дефектолози на Р.Македонија со цел размена на информации и искуства за начините на делување во граѓанскиот сектор.
- "Мобилност" Струга – Здружение на лица со телесна инвалидност – понатамошна соработка со цел разгледување на можноста за обезбедување физичка пристапност во основните училишта.
- Здружение на лица со оштетен вид – Струга - понатамошна соработка со цел разгледување на можноста за опремување на училница за потребите на учениците со оштетен вид.
- Здружение на лица со телесна инвалидност – Охрид – понатамошна соработка со дел од родителите присутни на јавните настани кои имаат деца со телесна инвалидност.
- О.У "Климент Охридски" – Охрид – иницијатива за креирање политика за унапредување на процесот на инклузија на учениците со посебни образовни потреби на ниво на Р.Македонија.

# V. Заклучоци

Дванаесетмесечниот период одреден за траење на проектните активности претставува солидна временска рамка за реализирање на оперативните задачи и исполнување на поставените цели кои директно ја засегаат локалната власт по прашањето на пристапност на услугите и институциите за лицата со посебни потреби.
Во овој тајминг успешно беше спроведен процесот на информирање, соработка, и препораки до општинската власт и нејзините институции за начинот на целокупно и темелно решавање на проблемот со унапредување на општинските системи со цел еднаков пристап до институциите и услугите за лицата со посебни потреби.
Исто така успешно беше спроведен процесот на информирање, соработка, и препораки со родителите и застапниците на лицата со посебни потреби.
Активностите на терен се реализираа со постојано посетување и разговор со одговорните лица во општините, претставниците на општинските институции, претставниците на граѓанските организации како и континуирани средби и разговори со родители и застапници на лица со посебни потреби.
Со цел стекнување објективни информации за моментална состојба на ниво на општината успешно беше подготвена и теренски спроведена активност на пополнување чек листи со родителите и застапниците на лицата со посебни потреби, како и со општинската администрација.
По завршување на фазата за теренски подготовки, сериозно беше пристапено кон теренска реализација на оперативните задачи. Потребите на секоја од групите учесници во проектот беше задоволена со спроведување на обуки на општинската администрација, но и работилници за родителите и застапниците на лицата со посебни потреби.
Состојбите на терен беа строго контролирани од страна на проектниот координатор, а за неопходните насоки на дејствување постојано беа одржувани месечни но и секојдневно-тековни средби на координативното тело.

Активностите кои се однесуваат на идентификација на општински здруженија и родители и застапници на лица со посебни потреби како и анализа на состојбите на терен, реализирани од теренските извршители успешно се завршени во првиот проектен циклус. Добиените информации на општините им беа презентирани на заедничките средби кои беа реализирани во временски период кога се изработуваат општински програми за 2012 година.

Во склоп на проектните активности родителите и застапниците успешно се соочија со бројни информации за нивните права, обврски и привелегии кои се во надлежност на општината, а за чие реализирање се задолжени стручните установи на локално ниво.
Општинските работници, од конкретните и дел од околните општини (пред се оние во сферата на образованието и социјалната заштита) успешно се соочија со информации за класификацијата, потребите и правата кои произлегуваат од законската регулатива а се однесуваат на лицата со посебни потреби.

Најголемо постигање во првиот проектен циклус претставува доставувањето на предлог годишни програми од областа на хендикепот на локално ниво, кој во себе содржи точки со опис на реалните потреби на лицата со пречки на ниво на општините.
Овој документ произлезе од континуираните средби помеѓу формалните и неформалните групи на родители и застапници на лицата со посебни потреби.
Но во општина Струга, според добиените информации за 2012 сеуште не е усвоен буџетот на општината и оттука сеуште не дефиниран делот на прифатени предлози од нашата предлог програма.